| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности – Опис | Активности – Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Седмица: 31**<br>**Датум:** | **Час: 2** | | **Тема 7: Онлајн живеење**<br>**Наставна единица: Пребарување на Интернет** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
| 5 мин. | Да умее да користи веб - прелистувач и сите негови значајни елементи (алатки, работа со табови);<br><br>да умее да пронајде информација од Интернет за одредена цел со помош на клучни зборови; | **Сите можат:**<br>да набројат веб – прелистувачи | Поттикнувам дискусија со прашањата: Како се нарекува апликативниот софтвер кој ни овозможува да отвораме содржини на Интернет? Кои веб – прелистувачи моментално се најпопуларни? Дали можеме да гледаме содржини на Интернет без употреба на веб – прелистувачи?<br>На денешниот час ќе се запознаеме со пребарување содржини на Интернет. | З<br>метод на разговор | Компјутери<br><br>Веб прелистувач<br><br>Учебник | Прашања<br>Одговори<br>Дискусија |
| 30 мин. | | **Повеќето можат:**<br>да набројат од кои елементи се состои веб – прелистувачот;<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>да пребаруваат во веб пребарувачот по клучни зборови | Од воведната активност се донесува **заклучок**: веб – прелистувач е програм со кој можеме да отвораме веб страни.<br>- Во парови учениците го разгледуваат изгледот на веб прелистувачот **Mozilla Firefox,** на детските лаптоп компјутери, ги воочуваат елементите на изгледот на програмот и заеднички ја објаснуваме нивната функција.<br>Резимирање на активноста за изгледот на веб прелистувачот:<br>• има алатки за напред, назад, освежување, стопирање и почетна страна;<br>• лента за адреса на веб страната;<br>• лента за пребарување;<br>• мени бар со разни наредби.<br>Наставникот дава објаснување поврзано со активноста што ја следи.<br>Интернет е место на кое можеме да дојдеме до информации за сè што нè интересира. Затоа постојат специјални веб – страни кои се нарекуваат веб - пребарувачи - search engine. Најпопуларни веб - пребарувачи во моментов се www.google.com, www.yahoo.com, www.bing.com и други.<br>• Активност за пребарување **по клучни зборови**.<br>- Наставникот на LCD проектор демонстрира како се пребарува по клучни зборови.<br>Задача за учениците: Со помош на веб пребарувачот www.google.com да се најдат веб адреси на сајтови со мерки за должина.<br>- Учениците го отвораат **веб прелистувачот** Mozila Firefox. Со него го отвораат **веб пребарувачот** www.google.com и во лентата за пребарување внесуваат клучни зборови за мерки за должина. Откако веб пребарувачот ќе најде разни **сајтови**, понудените веб – страни учениците треба една по една да ги отворат, за да проверат дали во нив се наоѓа она што им е потребно.<br>- Се напоменува дека со клик на **хиперлинкот** (потцртаниот текст врз кој курсорот ќе се претвори во раче) се отвора веб страната.<br>- **Заклучок**: Постојат два начини на пребарување: **пребарување по клучен збор** и **пребарување по област** (во полето за пребарување ја внесуваме областа која нè интересира, пр. музика, филмови и сл.). | метод на објаснување<br><br>П<br>метод на работа со компјутер<br><br><br><br><br>метод на објаснување<br><br><br><br>метод на демонстрација<br>П<br>метод на работа со компјутер<br><br><br><br><br>З<br>метод на објаснување | | Набљудување<br><br><br>Дискусија |

obrazovanie.literatura.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да објаснат разлика помеѓу веб пребарувач и веб прелистувач | Да објаснат што е веб пребарувач, а што е веб прелистувач? Да набројат неколку веб пребарувачи и неколку веб прелистувачи. | 3<br>метод на објаснување | | Набљудување |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Дискусија за веб – прелистувачи<br>Главен дел: Работа во парови за анализа на изгледот на веб – прелистувачот и пребарување по клучни зборови<br>Завршен дел: Објаснување за разлика на значењето на поимите | | | Да најдат информации на Интернет за уреди кои мерат јачина на звук. | | | веб прелистувач, веб пребарувач пребарување, хиперлинк, клучен збор, област. |

obrazovanie.literatura.mk